**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 24.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4676 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 24 октомври 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се спроведува за да се констатира дали радиодифузерот извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата (член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)

5. **Претходно изречена мерка:** нема.

6. **Констатации од надзорот:** На 20.10.2017 година, Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1) и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 2).

   **Образложение:** При редовен увид во огласниот дел на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија, во којшто се објавуваат сите извршени промени кај трговските друштва, стручната служба на Агенцијата констатираше дека на 20.10.2017 година е извршена промена на основачите на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје.

   Со промената, во сопственичката структура на оваа телевизија пристапило физичкото лице Имихане Велија, со адреса на ул.101 бб во село Врапчиште, Градец, и тоа врз основа на Судска пресуда бр.XVIII П1-734/15 од 29.09.2016 година, од Основен суд Скопје, со правосилност на ден 15.11.2016 година и извршност на ден 01.12.2016 година. Уделот на ова физичко лице во сопственоста на радиодифузерот изнесува 0,07% од основната главнина.

7. **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да го опомене Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје и да му укаже во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да достави:

- Податоци за физичкото лице Имихане Велија, и тоа ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот.
- Нотарски заверена изјава од физичкото лице Имихане Велија дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на Република Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето);

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***